# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА БРАНИТЕЛИТЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

*Декларација за правата и одговорностите на поединците, групите и општествените органи во унапредувањето и заштитата на универзално признатите човекови права и основните слободи*

09.12.1998

**ДАТУМ НА УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕКЛАРАЦИЈАТА**

УСВОЕНА СО КОНСЕНЗУС НА **ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ**

## КОИ СЕ **БРАНИТЕЛИ?**

Обични мажи и жени кои со своето дејствување се борат за почитување на човековите права, на пример, слобода на изразување, права на жените, автохтоно население или геј, лезбејски, трансродни и интерсекс лица. Можат да дејствуваат самостојно или во рамки на организации.

## КАКО МОЖЕТЕ ДА ИМ ПРУЖИТЕ ПОДРШКА НА **БРАНИТЕЛИТЕ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА?**

- Со ширење на информации за Декларацијата за бранителите на човекови права
- Придонесувајќи за препознавањето на работата на бранителите за човекови права
- Со давање на поддршка на организациите кои ги потпомагана и штитат бранителите на човековите права
- Дејствувајќи во корист на бранителите кои се изложени на ризик
- Така што и вие самите ќе постанете бранител или бранителка на човекови права! Секој има право, а и одговорност да промовира и брани човекови права

## КОЈ Е **СТАТУСОТ НА ДЕКЛАРАЦИЈАТА?**

Декларацијата се заснова, се усогласува и го рефлектира обврзувачкото меѓународно право кое е релевантно за промоција, заштита и одбрана на човековите права

## **ПРАВА И ЗАШТИТА** КОИ ИМ СЕ **ДОДЕЛУВААТ НА БРАНИТЕЛИТЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

- ДА ПРОМОВИРААТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СВОИТЕ ЗЕМЈИ И НА ГЛОБАЛНО НИВО
- ДА ГИ БРАНАТ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, ПОЕДИНЕЧНО И ЗАЕДНО СО ДРУГИТЕ
- ДА ФОРМИРААТ ЗДРУЖЕНИЈА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ
- ДА СЕ СОСТАНАТ И СОБЕРАТ НА МИРЕН НАЧИН
- ДА БАРААТ, ДА ПРИБАВАТ, ПРИМАТ И ПОСЕДУВААТ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
- ДА ГИ РАЗВИВААТ И ДА РАСПРАВААТ ЗА НОВИТЕ ИДЕИ И ПРИНЦИПИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ДА ЗАГОВАРААТ НИВНО ПРИФАЌАЊЕ
- ДА ПОДНЕСУВААТ ДО НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ КРИТИКИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НИВНАТА РАБОТА И ДА ГИ ПРЕДУПРЕДАТ НА БИЛО КОЈА ОПАСНОСТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
- ДА СЕ ЖАЛАТ НА ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ И НА АКТИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА КАКО И НА ПРАВОТО ТАКВИТЕ ЖАЛБИ ДА БИДАТ РАЗГЛЕДАНИ ИЛИ ЗЕМЕНИ ПРЕДВИД
- ДА ПОНУДАТ И ОБЕЗБЕДАТ СТРУЧНА, КВАЛИФИКУВАНА ПРАВНА ПОМОШ ИЛИ ДРУГ РЕЛЕВАНТЕН СОВЕТ И ПОМОШ ВО ОДБРАНАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
- ДА ПРИСУСТВУВААТ НА ЈАВНИ РАСПРАВИ, СУДСКИ ПОСТАПКИ И СУДЕЊА ЗА ДА ОФОРМАТ МИСЛЕЊЕ ЗА НИВНАТА УСАГЛАСЕНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ ЗАКОНИ/ЗАКОНОДАВСТВО И ПРИМЕНЛИВИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
- НЕПРЕЧЕНО ДА КОМУНИЦИРА СО НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ
- ПРАВО НА КОРИСТ ОД ДЕЛОТВОРНИОТ ПРАВЕН ЛЕК
- НА ЗАКОНИТ НАЧИН ДА ГО ВРШАТ ЗАНИМАЊЕТО ИЛИ ПРОФЕСИЈАТА НА БРАНИТЕЛ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- ПРАВО НА ЗАШТИТА ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО, КОГА УЧЕСТВУВА ВО МИРОЉУБИВИТЕ (МИРНИТЕ) АКТИВНОСТИ ПРОТИВ КРШЕЊЕТО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
- ДА ПРИБАВУВААТ, ПРИМАТ/ДОБИВААТ И КОРИСТАТ РЕСУРСИ СО ЦЕЛ НА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**ЧЛЕНОВИ 1,5,6,7,8,9, 11,12 и 13**

## ОБВРСКИ НА ДРЖАВИТЕ

- ДА ГИ ЗАШТИТИ, ПРОМОВИРА И СПРОВЕДУВА СИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- ДА ОСИГУРА СИТЕ ЛИЦА ПОД НЕЈЗИНА ЈУРИСДИКЦИЈА ДА БИДАТ ВО МОЖНОСТ ДА ГИ УЖИВААТ СИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ОСНОВНИ СЛОБОДИ
- ДА УСВОИ ТАКВИ ЗАКОНОДАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНИ И ДРУГИ ЧЕКОРИ СО КОИ ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ДЕЛОТВОРНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА И СЛОБОДИТЕ
- ДА ИМ ОБЕЗБЕДИ ДЕЛОТВОРЕН ПРАВЕН ЛЕК НА СИТЕ ЛИЦА КОИ ТВРДАТ ДЕКА БИЛЕ ЖРТВИ НА КРШЕЊЕ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- ДА СПРОВЕДУВА БРЗА И НЕПРИСТРАСНА ИСТРАГА НА НАВОДНИ КРШЕЊА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- ДА ГИ ПРЕВЗЕМА СИТЕ НЕОПХОДНИ МЕРКИ КАКО БИ ОСИГУРАЛА ЗАШТИТА НА СИТЕ ОД БИЛО КОЈА ВРСТА НА НАСИЛСТВО, ЗАКАНА, ОДМАЗДА, НЕПРИЈАТЕЛСКИ ДИСКРИМИНАЦИИ, ПРИТИСОЦИ ИЛИ БИЛО КОИ ДРУГИ ПРОИЗВОЛНИ ДЕЈСТВА КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦА НА НИВНАТА РАБОТА НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
- ДА ПРОМОВИРА ЈАВНО РАЗБИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ, ПОЛИТИЧКИТЕ, ЕКОНОМСКИТЕ, СОЦИЈАЛНИТЕ И КУЛТУРНИТЕ ПРАВА
- ДА ГО ОБЕЗБЕДИ И ПОДРЖИ СОЗДАВАЊЕТО И РАЗВИТОКОТ НА НЕЗАВИСНИТЕ НАЦИОНАЛНИ УСТАНОВИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- ДА ЈА ПРОМОВИРА И ОЛЕСНИ НАСТАВАТА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СИТЕ ФОРМАЛНИ НИВОИ НА ОБРАЗОВАНИЕ И СТРУЧНО ОБУЧУВАЊЕ

**ЧЛЕНОВИ 2,9,12, 14 і 15**

## ОДГОВОРНОСТИ НА СИТЕ

- ДА ГИ ПРОМОВИРА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, ДА ЈА ОЧУВА ДЕМОКРАТИЈАТА И НЕЈЗИНИТЕ УСТАНОВИ И ДА НЕ ГИ КРШИ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ДРУГИТЕ
- ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗАНИМАВААТ СО ПРОФЕСИИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ДРУГИТЕ, А ПОСЕБНО ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, АДВОКАТИТЕ, СУДИИТЕ И ДРУГИ, ИМААТ ОБВРСКА ДА ШТИТАТ ТАКВИ ПРАВА

**ЧЛЕНОВИ 10,11 и 18**

*За повеќе информации : **www.protecting-defenders.org***

Design by Oh ! Ilaliss